**Уп. бр. 08-69/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од А1 Србија доо Белград, со регистрирано седиште на ул.Милутин Миланковиќ 1ж, 11070 Нов Белград, Србија, доставено преку Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 06.05.2026 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која А1 Србија доо Белград, со регистрирано седиште на ул.Милутин Миланковиќ 1ж, 11070 Нов Белград, Србија, има намера стекне единствената контрола над ДЕКС доо Белград, со седиште на адреса Змајева 12в,11080 Земун, Белград Србија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 06.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на А1 Србија доо Белград, со регистрирано седиште на ул.Милутин Миланковиќ 1ж, 11070 Нов Белград, Србија, со која А1 Србија доо Белград,

има  намера да стекне единствената контрола над ДЕКС доо Белград, со седиште на адреса Змајева 12в,11080 Земун, Белград Србија**,** по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**А1 Србија д.о.о. Белград** е дел од Групацијата А1 Телеком Австрија (*A1 Telekom Austria Group*) и е индиректно во сопственост на Телеком Австрија АГ (*Telekom Austria AG*), акционерско друштво, што е основано и постои според законите на Република Австрија, со регистрирано седиште на адреса Ласалештрасе 9, 1020 Виена, Австрија (*Lassallestrasse 9, 1020 Vienna, Austria*),. Телеком Австрија АГ е холдинг компанија, која не нуди никакви услуги. Бизнис портфолиото на Групацијата А1 Телеком Австрија се состои од активности во областа на гласовна телефонија, широкопојасен интернет пристап, мултимедијални услуги, податоци и ИТ решенија.

Групацијата А1 Телеком Австрија е присутна во Република Северна Македонија преку:

**-А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, кое е активно во дејности за жичени, безжчени и сателитски телекомуникациски дејности;

**- ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, кое е активно во дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма; и

**- ЛИНВОРКС ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, кое е активно во областа на компјутерско програмирање.

Групацијата А1 Телеком Австрија индиректно генерираше промет во Република Северна Македонија.

**-ДЕКС д.о.о. Белград** со главна дејност се компјутерско програмирање. ДЕКС нуди прилагодени услуги и се фокусира на развој на иновативни софтверски решенија и автоматизација на бизнис процесите. Во последните три децении, ДЕКС развива информациски системи за бројни компании, банки и институции во Централна и Југоисточна Европа.Овие активности се ограничени на територијата на Србија и балканските земји;

**-ДЕКС д.о.о. Белград** нема никакви активности на територијата на Република Северна Македонија и не остварило промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2)  од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со

истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**